Автопортрет во народна носија, Костурчанка, 1988, масло на платно (фотографија: Станимир Неделковски)

Кераца Висулчева

(1910 - 2004)

Кераца

Спомен - музејска поставка

Дом на културата "Драги Тозија", Ресен, 10. 09. 2005

Издавач: Министерство за култура на Република Македонија / Автор на поставката, предговор: Соња Абаџиева / Превод на англиски: Маја Иванова Хаџи Митрова / Дизајн: Ладислав Цветковски / Фотографии: Јордан Василевски / Печат: Скенпоинт, Скопје / Тираж: 1000

Сликарката Кераца Висулчева, Македонка по потекло од Костурско, стамено ги совладала балканските трагични сталици, и анатеми на историјата, коишто си поигрувале со нејзиниот национален, човечки и уметнички идентитет. Таа го издржала номадскиот живот, селејќи се, речиси низ целиот дваесетти век, во рамките на триаголникот Грција – Бугарија – Македонија, за конечно, на возраст од 85 години, да го постигне својот душевен, духовен и физички спокој во сопствената земја, во Македонија. Реализацијата на музејската поставка на Кераца Висулчева во Домот на културата "Драги Тозија" во Ресен, е гест на респект кон делата и значајна ликовна заоставнина на оваа сликарка, којашто таа целосно ѝ ја подари на македонската држава. Оваа благородна постапка е резултат и на енергичните активности на редица наши еминентни личности и институции, од првиот претседател на Република Македонија – господинот Киро Глигоров, преку Македонската академија на науките и уметностите, Музејот на Македонија, Музејот на современата уметност, до Министерството за култура. Суштествениот мотив на овој проект е приопштувањето кон македонската култура на оваа богата и вешто обликувана ликовна збирка, со широк дијапазон на жанровски, тематски, мотивски и содржински изразности.

Стилското дефинирање на целокупниот опус на Кераца Висулчева се задржува на реализмот и пост-импресионизмот, со мали отклонувања кон национал-романтизмот. Нејзиното сликарство накусо се означува како сликарство на импресијата, на чувствата и душата. Позначајно од стилската определба е бескомпромисната оддаденост на уметноста и инсистирањето на доблестите на самото сликарство: бојата и нијансите нијанси, формата, светлината, цртежот. Страста кон сликањето не ѝ дозволил на оваа борбена сликарка да стане заложник на тематски, идеолошки или содржински диктати. Напротив, поетиката на пејзажите (морските предели, моќните дрвја, ливадите и пасиштата), контемплативните и спокојни визури на урбаните сцени од Париз и Авињон, сензибилитет на балерините, дамите и капачките, наспоредни на благородните физиономии на редица роднини, пријатели и значајни личности од нејзиното опкружување, укажуваат на доследност кон естетскиот принцип како врвна категорија. Во духот на сопствената кауза и интима се реализирани и нејзините автопортрети, мајката на Никола Вапцаров, Училиштето во Пиринска Македонија. Психолошкиот третман на портретираните личности (портретите на чичко Росан, на младиот човек, на Буни или на Марија Доспевска) го имаат својот пандан во емотивниот пристап кон раскошната архитектура на Монмартр, Мулен Руж или куќата Друо и кон не помалку возбудливата ерупција на морските бранови. Повеќето актови во бањите или во одаите соопштуваат длабоко почувствувана сензуалност на женските тела, моделирани со мали контрасти, во пастелни и топли нијанси. Професионалниот однос кон различните сликарски мотиви и начинот на кој ги толкува сликарските елементи ја приближува Висулчева до еден култивиран ликовен исказ близок до француските мајстори (Берт Морисо, Огист Реноар, Пол Сезан, Морис Утрило, Клод Моне, Пјер Бонар и др.).

Во делата *Несрам, моето родно село* –1980 и *Мојот роден крај* – 1980, работени на седумдесетгодишна возраст (кога за прв пат по неколку децении го посетува родното место), очигледно е присуството на болката, носталгијата згусната во времето, собирана со децении во една жена особено чувствителна на својата национална посебност. Меланхолијата ги проникнува овие платна низ лежерното сфумато (сино-сиво-бело), низ едноставните вертикални линии и чудесното спокојство на природата, завиткана во белото платно на зимското студенило.

Нека послужи како резиме сознанието, дека Кераца Висулчева ја антиципирала парадигмата на слободна, самосвесна и горда сликарка, уште на почетокот на дваесеттиот век, која единствено не можела да им одолее на сопствените ликовни страсти и инстинкти. Менувањата на техниките и ликовните постапки (масло, пастел, молив, јаглен, глина), варијациите на линиите (од испресечени до континуирани), на композицијата (од класична до фотографски визуелизирана), на бојата (што едновремено ја разградува и зацврстува формата), на светлината (од луминозна или маглива до заслепувачки интензивна), на потезите (од невидливи до широки и експресионистички раздвижени, на атмосферата (од ведра до тмурна, од оптимистичка до меланхолична и носталгична), на темите (од Несрам до Монмартр) – целата оваа тактика на љубов кон различното, открива една енергична и постојано неспокојна природа. Таа ги лови беглите мигови кога ветерот, водата, брановите, облаците и испарувањата ја релативизираат секоја глетка, нѐ прават недоверчиви кон она што сите сакаме да го дефинираме како објективно постоење. Вистината за нејзината уметност е во признанието дека таа ВИСТИНА е непрестајно менлива категорија.

Посебниот јазик на изразување и долгото апстинирање на Кераца Висулчева од македонската ликовна сцена ќе претставуваат возбудливи моменти за истражувачите и оценувачите на ликовната уметност и нов предизвик воопшто за љубителите на уметноста од различни возрасти, места и степен на образование. Оваа музејска поставка отвора канали кон натамошни континуирани стручни проценки, кои несомнено ќе водат кон одредени поместувања во ликовната историја, неизбежно подложна на преустројства и ревидирања. Во актот на ваквите корекции треба да се апсолвира фактот, дека местото на Висулчева е меѓу првите академски образовани дами во македонското сликарство, кои оделе во чекор со нашите сликарски доајени, настојувајќи да бидат во дослух со уметниците од светската сцена од тој период.

Соња Абаџиева

3

30

36

17

Животопис* на Кераца Висулчева

7. април 1910/1

Се раѓа Кераца Висулчева во с. Несрам, Костурско (Егејска Македонија). Нејзиниот татко е учител, а мајка и е домакинка. Тие имале шест деца од кои само четири преживеале. Таа самата вака го опишува местото на нејзиното потекло: "Родена сум некаде пролетта 1910 година во едно бистро планинско село во Костурско, во селото Несрам или Питачко село, како што го викаа. Таму, покрај нашето село од секогаш минувале војски и зад себе оставале слепи. А над селото, на бреговите имаше пештери во кои се беа вселувале слепите. Темнината на пештерите одела, се чини, заедно со човечкиот мрак. Преку ден излегувале и питале по селата, а со мракот се враќале во темните пештери, во сопствениот мрак, од таму и селото го добило презимето – "Питачко село".

1913

Нејзиното семејство наврагу го напушта родниот крај и се преселува во Бугарија. "Мојот татко, Венизелос го осуди на смрт зашто беше отворил македонско-славјански училишта и славјански цркви во Грција. Поради ова во 1912 година го затворија во Костурскиот затвор. Но, тој од таму побегна. Во хартијата што излезе по него се велеше, каде и да го најдат, да го убијат. И мајка ми почнала да ја тормозат. А таа со три мали деца. Јас тогаш сум имала две години. Таа тогаш во 1913 година се подготувала да побегне. И се заканувале дека со сила ке ја премажат за грчки даскал. Една ноќ без месечина таа зема два коња, им ги изврзува нозете со партали за да не се слуша тропање и го минува целото село по чорапи. Низ таа ноќ без месечина стигнала до реката. Тука дошле и жените од селото за да ни помогнат да ја поминеме реката, да нѐ преведат преку водата. Си спомнувам сите ги имаа расплетено косите и ги фрлаа шамките. Јас им велев: 'Тето шамијата ти падна од косата', на што тие ми одговараа: " Молчи море чедо, ке нѐ слушнат арамиите."

Семејството пребегнува во Костур. На пат кон Солун застануваат во Ксанти за да го побараат татко ѝ, но го наоѓаат во Шлезово и му ги оставаат последните лири за да ѝ вратат надежта дека ке се ослободи. Стигнуваат во Солун, а потоа преку Вардарска Македонија пребегуваат во Бугарија.

1914?

По завршувањето на Првата светска војна и покрај сиромаштијата и четирите деца кои требало да се издржуваат, таткото на Висулчева подарува 10.000 златни лири на Црвениот крст за настраданите од војната, за што добива голем медал за милосрдие.

1918

Семејството живее во Бургас, кадешто во периодот од 1918 до 1922 емигрирале многу Македонци.

1929

Се запишува на Художествената академија во Софија. Работи во класите на професорите: Стефан Иванов, (цртање) Никола Ганушев и Борис Митов (сликарство). Се мажи за својот колега, сликарот Стефан Дикиџиев, со кого има двајца синови. "На 19 години се омажив и на мажот ми му реков:' Доста ти е двете деца да ти го носат твоето име, името на твоето семејство, а јас ке си го носам она на моите". Бунтовничка по природа, Кераца навистина останува доследна на овој свој исказ потпишувајќи се со презимето на својот татко. За часовите на Академијата, на кои го носела и своето бебе, Висулчева вака раскажува: "Станував во пет часот наутро, си перев пелените, а веќе во осум бев со количката во Академијата. Помнам таму колегите го поземаа бебето пред вратата и ми помагаа да го внесам внатре каде имаше една лулка".

15

39

27

1935

Ги завршува студиите и ја добива наградата од Фондот *Ана Бешевлиева*. За прв пат изложува на изложба. Сликата *Дете кое слие* ја излага на изложбата на независните сликари, а *Портретот на мојата мајка* на изложбата на Бугарското уметничко здружение. "Во фонот на *Портретот на мојата мајка* насликав македонско веленце. На самото отворање дојдоа и двајца Македонци новинари: Барбаров и Клапчев. Кога се видовме ме прашаа која е портретираната личност. А јас им реков: 'Па тоа е Македонка, тоа е мајка ми'. Кога им кажав дека сум од Костурско почнаа да ме бакнуваат"

На оваа изложба и големиот бугарски сликар од чешко потекло Иван Мрквичка го забележува нејзиниот талент.

Истатата година станува член на Сојузот на уметниците на Бугарија.

1940

Поради нејзините нескриени симпатии кон Македонија (и бидејќи има завршена и Педагошка академија) ја пракаат да работи како учителка во Пиринска Македонија (Благоевград), но и во повеќе селски училишта (Бистрица, Градево, Симитли, Осеновлак и во Харманли). Истата година властите ја пракаат дури на бугарско-турската граница во Момчилоград.

1941

На нејзино инсистирање, бидејќи се декларирала како Македонка (со доставување на молба) доаѓа во Македонија заедно со сопругот (и во Скопје им се раѓа вториот син.). Се вработува во Женската гимназија (тогашна *Царица Јоана*) во Скопје каде останува до 1944 година, а во меѓувреме учествува и на неколку групни изложби.

1942

Ја посетува Грција и прави пејзажи на островот Тасос.

1944

Поради одредени семејни обврски се враќа во Бугарија каде што предава цртање во неколку гимназии во Пловдив. По една година или две во овој град се срекава со македонскиот сликар Никола Мартиноски. "Со Мартиноски се запознав на една изложба. Многу ме ценеше како сликарка. Ми рече дека на Македонија ѝ требаат мајстори за да се направи ликовна академија. Но, јас тогаш не можев да одам зашто требаше да се грижам и за моите веќе остарени родители".

1955

Учествува на изложбата на Бугарската современа уметност во *Државната уметничка галерија* во Пловдив.

9 септември 1958

ЦК на КПБ извршува чистка во редовите на Сојузот на бугарските уметници и во таа 'селекција' е вклучена и Кераца Висулчева, како неподобна и без право да учествува на изложбите на Сојузот. Останува и без можноста да набавува сликарски материјал, кој исклучиво се добивал само преку членство во Сојузот. "Депресијата се заканува да ја уништи страста на сликарот. Напросто не сакав веќе ни да сликам. Почнав и да ги сечам моите платна. За срека, во една прилика, кај нас дојде еден лекар, сликар-аматер. Кога ги виде моите слики тој ме окражи. Тогаш се заколнав во име на моето дете, во име на моите родители, дека никогаш повеќе нема да посегнувам по сликите. Ке продолжам да цртам, нема да ги подарувам, нема да ги продавам ефтино. И направив голема колекција… успеав да одам и во Франција, каде тамошните колеги ме прифатија", изјавуви по тој повод Висулчева.

1960

Се пензионира и останува долго време да живее во Пловдив.

1961

Ја слика куќата на Никола Вапцаров во Банско, а прави портрет и на неговата мајка

1965

Патува во повеќе градови на Франција (Арл, Авињон), а подолго се задржува во Париз, особено импресионирана од Монмартр, Сакр Кер, Пигал, Мулен Руж итн, кои се ликовно документирани на повеќе нејзини одлични урбани пејзажи. Во Авињон ја слика Папската палата. Учествува (според нејзиното кажување) и на неколку изложби со француските уметници

1974

Престојува во Ница и го слика музејот на Матис, а во Антиб Музејот на Пикасо

1980

По долго време очекување и напори, го посетува своето родно место Несрам во Костурско.

1981

Остварува патување во Париз, потоа патува по текот на реката Лоара во Франција, ги посетува и слика познатите дворци, како и Дворецот на Леонардо да Винчи.

1987

Повторно гостува во неколку градови во Франција од кога датираат повеќе масла и цртежи.

1989

Повторно е примена во Сојузот на бугарските уметници, само како формален член, без право да учествува на изложби.

1992/3

Подолг престој на Црното море, од кога датираат повеќе насликани морски пејзажи, марини. Прави обиди и во скулптурата изработувајќи бисти (во гипс) на уметникот Тодор Радулов (1993), Кирчо Мавров (1992), и на сопругот на Анастасија Кметова.

На 25 јуни 1992, директорот на Државната уметничка галерија во Пловдив - В.лкан Петров ја отвора изложбата *Современа македонска графика*, подготвена од Захаринка Алексоска Бачева-кустос во Музејот на современата уметност од Скопје. Изложбата ја посетува и сликарката Кераца Висулчева која ги поздравува кустосите од Скопје Соња Абаџиева и Захаринка Алексоска со китка здравец и на костурски дијалект. Во ова приликa таа им изјавува дека се смета за Македонка бидејќи е родена во Костурско, а при пописот на населението во Бугарија така и се пријавила. За време на отворањето и потоа за време на целиот престој на македонските кустоси, Висулчева не престанува да зборува за Македонија, за нејзината недделливост од нејзината историја и за желбата да се врати во родната земја. По извесно време и екипа од Музејот на град Скопје составена од директорот Климе Коробар, кустосот Лазо Плавевски и фотографот Марин Димески ја посетуваат во Пловдив, евидентираат и фотодокументираат дел од нејзиното творештво и од нејзиниот работен и животен амбиент.

1995/6

Дефинитивно по нејзина желба се преселува во Македонија, каде создава исто така повеќе дела, ветувајќи и усмено и писмено на Македонија подарок од неколку стотини масла, цртежи, пастели и скулптури. Со себе ги донесува сите нејзини дела, но и поголем број на предмети од нејзиниот стан-ателје (етнографски предмети: носии, мебел, килими, керамички садови итн.) со цел да ги подари на Македонија.

"Пишувам бугарските весници дека сум се нарекувала Македонка. Јас не се нарекувам така, туку сум Македонка. Тоа што сега го доживеав со македонската самостојна држава за мене е остварување на целиот мој живот. Навистина вредеше да се живее и ова да се доживее, да се види."

Кераца Висулчева во Македонија изработи повеќе портрети, а неколку години го портретираше и господинот Киро Глигоров, првиот претседател на независна Република Македонија. Голема е неговата заслуга за нејзината дефинитивна преселба во родната земја.

2002 (7. август – 10. септември)

Во Музејот на Македонија, а во соработка со Музејот на современата уметност - Скопје, со исклучителна заложба на академикот Блаже Ристовски и со помош на директорот на Музејот на Македонија Драгиша Здравковски, согласно концептот на вишиот кустос Марика Бочварова, се организира прва изложба во помал обем во Македонија на сликарката Кераца Висулчева.

2003 (27.мај – 17 јуни)

Во организација на Македонската академија на науките и уметностите и како резултат на залагањата на неколку македонски академици во Ликовниот салон на МАНУ се отвора монографска изложба, на Кераца Висулчева, проследена со монографија на Соња Абаџиева, со која се исполнува барем еден голем дел од нејзиниот вечен сон.

13 јануари 2004

Во болницата во Ѓорче Петров во Скопје, по тешко боледување згаснува борбеното и штедро срце на сликарката Кераца Висулчева

*

Кераца Висулчева била на повеќе студиски престои во Франција, Грција, Италија, Полска. Учествувала на релативно мал број изложби, а многубројни награди, признанија, плакети, пофалници, медали и ордени за своето сликарство добива во Франција, Белгија, Италија итн.

И покрај бројните преселби, таа активно слика до 2003 година, создавајќи над 500 дела (слики, пастели, акварели, скулптури).

*

Биографијата се темели врз исказите на самата сликарка, несомнено 'поткрепени' со романтична реторичност во нарацијата и лична митологија, разбирливи за нејзините бегалски премрежија и за возраста во која ни ги раскажувала овие автобиографски сеќавања. Користени се исказите и на нејзиниот син Ѕвездомир, забележани од страна на кустосите во МСУ: Соња Абаџиева, Марика Бочварова и Захаринка Алексоска. Од пресудно значење во сложувањето на фактите во оваа хронологија особена улога имаат и текстовите направени од страна на новинарот Мирче Томовски, објавени во неделникот Пулс (15 и 22 јули 1994) и натписите на новинарката Катерина Богоева за сликарката објавувани во текот на 2001/2 во Утрински весник.

КАТАЛОГ НА ИЗЛОЖЕНИ ДЕЛА (1933 - 2001)

1. Портрет на мојот учител Козма Г. Чуранов од Смилево,
1933, масло на платно, 40 / 32, б.с.

2. Пристаниште на островот Тасос,
1940, масло на картон, 35 / 51, сигн и дат. д.л.: Кераца Висулчева/1940

3. Ископини од акрополата на островот Тасос,
1942, масло на картон, 36 / 48,5, б.с.

4. Мајка ми со Петар ,
1944, масло на платно, 113 / 92, сигн. г.л.

5. Мајчинство и уметност (Кераца Висулчева со синот),
1947, масло на платно, 100 / 82, сигн.г.л.

6. Пролет (портрет на Буни)
1947, масло на платно, 100 / 80, сигн и дат. г.л.: Кераца Висулчева / V-1947 Пловдив

7. Никола Висулчев, татко ми,
1947, масло на платно, 47 / 42, сигн.и дат.г.д.: Кераца / 1947

8. Чичко Росан во анфас,
1949, масло на платно, 43 / 42,5, сигн.д.д.: 10. В / Кераца

9. Зима покрај реката Марица ,
1960, масло на платно, 31 / 42, сигн.и дат.д.д.: Keratza / 1960

10. Родната куќа на Вапцаров, Банско,
1961, масло на платно, 34 / 45, сигн. и дат. д.л.:К. Висулчева 7. I 1961 / Банско

11. Мајката на Никола Вапцаров,
1966, масло на платно,118 / 97,5, сигн. и дат. г.д.: Кераца Висулчева 7-II-1966

12. Ваденье песок од река,
1961, масло на платно, 59 / 79, сигн и дат.долу кон лево.: Keratza / 1961

13. Марина 1,
1962, масло на платно, 45 / 51, сигн и дат. д.л.: Keratza 62

14. Изглед на Поморие,
1962, масло на платно, 50 / 70, б.с.

15. Жени на капење,
1962, масло на платно, 18 / 26,5, сигн.д.д.: Keratza

16. Музејот,
1965, масло на платно, 57 / 81, сигн. и дат. д.л.: Кераца Висулчева/ 1965

17. Театар Мулен, Париз,
1965, масло на платно, 88,5 / 110, сигн. и дат. д.д.; Кераца Висулчева/ 1965

18. Портрет на Колет Арну,
1965, масло на платно, 45 / 43, сигн. и дат. г.л.: Кераца Висулчева / 1965

19. Дворецот на папите - Авињон,
1965, масло на платно, 44 / 54,5, сигн. и дат. д.л.: Keratza 1965

20. Кабаре Ла роз, Монмартр,
1965, масло на лесонит, 59 / 72, сигн.и дат. д.л.: Кераца Висулчева / Paris 1965

21. Монмартр,
1965, масло на платно, 20,5 / 24,7, б.с.

22. Портрет на уметникот Жан де Епарв,
1965, масло на платно, 65,5 / 53, 5, сигн. и дат. г.л.: Кераца Висулчева / Paris 1965 / под сигнатурата стои посвета од портретираниот: Tres honnoré respectieusement Jean de Esparves

23. Мадам Терез,
1965, масло на платно, 102 / 88, сигн. и дат. г.л.: Кераца Висулчева / Ванбол сир Сез / 1965

24. Бањол сир Сез (Цитадела),
1965, масло на платно, 48 / 60, сигн и дат. д.л.: Кераца Висулчева / 1965 / Bagnol sur Ceze

25. Мртва природа со шише сливова ракија,
1967, масло на платно, 39 / 47, сигн. и дат. г.д.со боја: Р. Парвисе Кераца Висулчева и г.д. со хемиско пенкало: 1 Јануари 1967/Paris

26. Портрет на Марија Доспевска, внука на уметникот Станислав Доспевски,
1969, масло на платно, 46 / 62,5, сигн. и дат. г.л.: Keratza / Пазаџик, 1969

27.Судир на бранови,
1970, масло на платно, 66 / 90, сигн. и дат. д.л.: Keratza 1970

28. Сив ден во морето,
1972, масло на платно, 23 / 28, сигн. г. л.: Keratza

29. Ентериер на Хисарската бања во Пловдив,
1973, масло на платно, 52,5 / 69, сигн.и дат.д.л.: Keratza 1973

30. Некогашното планинско училиште во Пиринска Македонија,
1973, масло на платно, 70 / 70, сигн. и дат. д.л.: Keratza / 1973

31. Куќата Друо, Париз,
1980, масло на платно, 54 / 72, сигн и дат. д.д. кон средината: Keratza / 1980

32. Несрам - моето родно село,
1980, масло на платно

33. Мојот роден крај,
1980, масло на платно?

34. Марина 10,
1985, масло на платно, 46 / 55, сигн. д.л.: Keratza 1985

35. Пат кон куќа,
1987, масло на платно, 40 / 42, сигн.д.л.: Keratza

36. Мостче,
по 1987, масло на платно, 40 / 42, сигн д.л.: Keratza

37. Портрет на млад човек,
1987, масло на платно, 40 / 41, сигн.и дат.д.л.: Keratza 1987

38. Автопортрет во народна носија, Костурчанка,
1988, масло на платно, 100 / 81, сигн.и дат. г.л.: Keratza / 1988

39. Сон.
1989, масло на платно, 100 / 120, дат. и сигн. г.л.: 1989 / Keratza

40. Мојата внука балерина,
1989, масло на платно, 98,5 / 35, сигн. и дат. г.д.: Keratza / 11-VI-1989

41. Иљадагодишен чинар кај село Беласица,
1989, масло на платно, 104 / 74, сигн. и дат..д.д.: Kertza, 1989

42. Автопортрет,
1992, масло на платно, 100,5 / 81, сигн. г.л.: Keratza

43. Морска симфонија 1,
1992, масло на платно, 91 / 115, сигн. и дат.д.л.: Keratza / 1992

44. Портрет на Киро Глигоров,
2001, масло на платно, 98 / 84 (последна незавршена слика) сигн. и дат. г.л.: Keratza / 7. IV. 2001